РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.20.23.УП.002.03

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА НАПЛАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

МАРТ 2023

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 23.07.2015 | Прво издание | / | / |
| 02 | 07.02.2018 | Второ издание | Изменето | Преамбула , т.4, 6, 9, 11, 20, 24, 26, 32 |
| 03 | 16-03-2023 | Трето издание | Дополнети<br>Изменети | Преамбула Т. 11, 20 и 24 и обрасци<br>Т. 26, 28, 31, 32 и 33 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе:

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА НАПЛАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

## I. Основни одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапувањето во Царинската управа при обработка на поднесоци и преземање на дејствија во управна постапка за кои се наплатува административна такса.

   Под терминот „поднесоци" употребен во ова Упатство се подразбираат барања, обрасци кои се користат за автоматска обработка на податоци, предлози, пријави, молби, жалби, приговори и други писмени дописи со кои странките се обраќаат до Царинската управа со цел преземање на определено дејствие.

2. Поднесоците за кои се наплатува административна такса (во натамошниот текст: АТ) се определени со одредбите на Законот за административните такси[1] (во натамошниот текст: ЗАТ), а во износ определен со Тарифата на административни такси (во натамошниот текст: ТАТ) која е негов составен дел.

   Адмнинистративните такси во Царинската управа се наплаќаат за поднесоците прикажани во Прилог бр. 1 Листа на поднесоци.

3. Организационите единици на Царинската управа АТ ги наплатуваат:
   - во готови пари, со налог за плаќање на јавни давачки Образец ПП 50, пополнет како во Прилог бр.2,
   - преку мобилни телекомуникациски оператори или
   - преку интернет.

   АТ се наплатува преку мобилни телекомуникациски оператори или преку интернет врз основа на склучен договор помеѓу Министерството за финансии со

[1] Законот за административните такси со сите измени и дополнувања како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

мобилни телекомуникациски оператори и со деловните банки, а согласно корисничките упатства на Царинската управа.

4. Таксената обврска настанува за:
   - поднесоци, во моментот кога се предаваат во Царинската управа, а за поднесоците дадени на записник кога се составува записникот,
   - одобренија, решенија и други акти, во моментот на поднесување на барањето за нивно издавање и
   - решенија, дозволи и други исправи во моментот на издавање на истите, и за поднесоците за нивно издавање кога се поднесуваат во електронска форма.

5. Организационите единици на Царинската управа кога по поднесок кој подлежи на АТ издаваат решение или друг правен акт се должни во истиот да означат дека АТ е платена, нејзиниот износ и според кој тарифен број од Тарифата наведена во точка 2 на ова Упатство.

## II. Постапка при прием на поднесоците во Царинската управа

6. Поднесоците кои подлежат на АТ се примаат во архивата на Царинската управа и се доделуваат на натамошно постапување од страна на надлежните организациони единици преку еДМС[2].

   Поднесоците архивата на Царинската управа ги прима :
- директно од странката (на рака),
- преку пошта, и/или
- по електронски пат.

7. Вработените задолжени за прием на поднесоци во Царинската управа се должни веднаш при приемот да утврдат дали истите се наведени во Листата на поднесоци од точка 2 на ова Упатство како поднесоци за кои се плаќа АТ, дали АТ е платена во пропишаниот износ и начин, како и истото да го евидентираат во посебно предвидените рубрики во еДМС.

8. Евидентирањето од точка 7 на ова Упатство вработените задолжени за прием на поднесоци го вршат на начин што во соодветните рубрики на еДМС особено го наведуваат:

[2] еДМС - електронски систем за управување на документи

- износот на АТ и начинот на кој истата е платена (еден од наведените во точка 3 на ова Упатство),
- тарифниот број од ТАТ, или
- основот за ослободување доколку за поднесокот не е предвидено плаќање на АТ.

9. По прием на поднесокот и негово регистрирање во еДМС вработените задолжени за прием на поднесоци се должни да извршат поништување на доказот за платена АТ со ставање на печат или друг начин, зависно од начинот на плаќање, по што го проследуваат поднесокот на натамошно постапување до надлежната организациона единица, согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење[3].

10. Поднесоците доставени по електронски пат се земаат во обработка од страна на вработените задолжени за прием само доколку истите се електронски потпишани.

11. Доколку кон примениот поднесок не е приложен доказ за платена АТ или истата е платена во помал износ, вработените задолжени за прием на поднесоци се должни:
- поднесокот примен на рака да го вратат директно на подносителот, без притоа да вршат негово евидентирање во еДМС, или
- за поднесокот примен по пошта или по електронски пат да изготват 01.20.23.УП.002.03-ОБ.01.03 Опомена за неплатена административна такса или 01.20.23.УП.002.03-ОБ.02.03 Опомена за неплатена административна такса – ЗУЈ [4] и да ја достават до подносителот, а поднесокот да го евидентираат во еДМС, да ставаат забелешка дека АТ не е платена или недоволно е платена и да го доставаат на натамошно постапување до надлежната организациона единица.

[3] Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцеларискoто и архивското работење со сите измени и дополнувања како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

[4] Обрасците од ова Упатство кои се означени со кратенка ЗУЈ (Закон за употреба на јазиците) се издаваат/користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката (учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

12. По прием на поднесок од став 1 алинеја 2 на точка 11 кој е нетаксиран или недоволно таксиран, односно АТ не е платена или е недоволно платена во моментот на прием на поднесокот, по истиот надлежната организациона единица може да покрене постапка за одлучување, но решението, односно другиот акт не смее да биде врачен на подносителот ако предходно, по опомената, таксата не е платена.

13. При прием на поднесокот, вработените задолжени за прием проверуваат дали е извршена уплата на таксата поврзана со поднесокот.

## III. Постапување со поднесоците од страна на надлежните организациони единици

14. По прием на поднесокот во надлежната организациона единица на Царинската управа, вработениот задолжен за обработка на поднесокот проверува:
    - дали е платена АТ,
    - дали соодветно се поништени доказите за уплата, согласно точка 9 од ова Упатство и
    - дали соодветно се пополнети рубриките во еДМС.

15. Доколку вработениот задолжен за постапување по поднесокот утврди дека при приемот и регистрирањето на поднесокот се направени пропусти, односно со истиот е несоодветно постапено, веднаш ги известува вработените надлежни за прием на поднесокот за да ги отстранат неправилностите.

16. Вработените задолжени за прием на поднесоци веднаш ги корегираат неправилностите укажани од вработениот задолжен за постапување по поднесокот.

17. Доколку АТ не е платена или е недоволно платена согласно точка 12 од ова Упатство, вработениот задолжен за постапување по поднесокот става забелешка на истиот дека АТ не е платена или недоволно е платена.

18. По плаќање на АТ, поништување на доказот за уплата и нејзино евидентирање во еДМС од страна на вработените задолжени за прием на поднесоците, решението, односно другиот акт се врачува на подносителот.

19. Доказот за платена административна такса се чува во предметот во роковите предвидени со Законот за архивска граѓа[5].

## IV. Следење на наплатата на АТ

20. Одделението за канцелариско и архивско работење во Секторот за правни работи преку еДМС ја следи наплатата на АТ и е должно најдоцна до 5-ти во месецот за претходниот месец да достави до Секторот за финансиски прашања извештај на Образец за интерна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа[6], кој треба да содржи податоци за вкупниот број на примени поднесоци кои подлежат на плаќање на АТ во анализираниот период и вкупен износ на наплатената АТ по тарифните броеви од ТАТ.

21. Одделението за внатрешна ревизија најмалку еднаш годишно е должно да изврши контрола на спроведувањето на ова Упатство во најмалку една организациона единица на Царинската управа.

## V. Ослободувања од плаќање на административни такси

22. Списи и дејствија кои се водат во постапка поведена по службена должност не подлежат на плаќање на АТ.

Институциите кои се ослободени од плаќање на АТ се наведени во член 15 од ЗАТ, додека списите и дејствијата за кои не се плаќа АТ, се наведени во член 18 од ЗАТ.

Во исправите и другите акти што се издаваат без плаќање на АТ, вработениот кој го обработува поднесокот наведува врз основа на кој член и пропис е извршено ослободување од плаќање на АТ.

## VI. Враќање на наплатени административни такси

[5] Законот за архивска граѓа со сите измени и дополнувања како екстерни акти се објавени во Депозитарот на документацијата на Царинската управа

[6] Упатството за изглед и структура на документацијата како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата на Царинската управа

23. Лицето кое платило АТ, а не било должно да ја плати или ја платило во износ поголем од пропишаниот има право на враќање на платената или повеќе платената АТ.

24. Постапката во Царинската управа за враќање на АТ ја спроведува Секторот за финансиски прашања на начин што примено барање за враќање на АТ заедно со релевантни докази обезбедени во соработка со организационата единица која постапувала по поднесокот, доколку барањето за враќање се однесува на конкретен поднесок, ги доставува со писмен допис до Министерството за финансии на натамошно одлучување, на Образец за надворешна комуникација од Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа.

## VII. Преодни и завршни одредби

25. Надлежни за постапување по ова Упатство се сите вработени во Царинската управа кои обработуваат поднесоци и преземаат дејствија во управна постапка за кои се наплатува административна такса.

26. Надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова Упатство се помошниците директори на Сектор за царински систем и Секторот правни работи.

27. Надлежни за вршење на контрола на спроведувањето на ова Упатство се раководителите на организационите единици во кои се обработуваат поднесоци и преземаат дејствија во управна постапка за кои се наплатува административна такса.

28. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова Упатство врши Секторот за професионална одговорност и Одделението за внатрешна ревизија.

29. Секое постапување спротивно на одребите на ова Упатство ќе биде предмет на утврдување на дисциплинска одговорност.

30. Сите непосредни раководители се должни со ова Упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

31. Се задолжува Секторот за царински систем веднаш по донесувањето на ова Упатство, истото да го направи достапно за сите вработени и да го објави на

интранет страницата на Царинската управа во согласност со Процедурата за депозитар на документација.

32. Со донесување на ова Упатство престанува да важи 01.20.23.УП.002.02 Упатствотото за начинот на наплата на административни такси бр. 01-054948/15-0002 од 23.07.2015 година.

33. Ова Упатство стапува на сила со денот на неговото донесување.

Директор,
м-р Славица Кутиров

Бр. 01-054948/15-0003
Скопје, година
16 -03- 2023

Изработил: Соња Филевска
Одобрил: Гордана Динеска
Согласен: Офелија Бајо

Прилог:
- Прилог бр.1 Листа на поднесоци
- Прилог бр.2 Налог за плаќање на јавни давачки Образец ПП 50

Записи:
01.20.23.УП.002.03-ОБ.01.03 Опомена за неплатена административна такса
01.20.23.УП.002.03-ОБ.02.03 Опомена за неплатена административна такса - ЗУЈ

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна  употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

## Прилог бр.1: Листа на поднесоци

| Ред. Бр. | Поднесок | Тарифен број | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1.1. | Барање за издавање на задолжителна тарифна информација | 1 | 50,00 |
| 1.2. | Барање за издавање задолжителна информација за потекло | 1 | 50,00 |
| 1.3. | Барање за утврдување на царинска вредност врз основа на специфични критериуми | 1 | 50,00 |
| 1.4. | Барање за земање на мостри | 1 | 50,00 |
| 1.5. | Барање за поднесување на декларација надвор од работното време | 1 | 50,00 |
| 1.6. | Барање за преглед на стока на места и време различни од одредените од царинскиот орган | 1 | 50,00 |
| 1.7. | Барање за предходен преглед | 1 | 50,00 |
| 1.8. | Барање за одобрување на постапка со економски ефект (редовно или поедноставено) | 1 | 50,00 |
| 1.9. | Барање за одобрување на просторија за привремено чување | 1 | 50,00 |
| 1.10. | Барање за одобрување на поедноставена постапка | 1 | 50,00 |
| 1.11. | Барање за одобрување на поедноставувања во транзитна постапка | 1 | 50,00 |
| 1.12. | Барање за употреба на посебни товарници во транзитна постапка | 1 | 50,00 |
| 1.13. | Барање за издавање на одобрение за користење на возила и контејнери за превоз на стока | 1 | 50,00 |
| 1.14. | Барање за уништување на стока под царински надзор | 1 | 50,00 |
| 1.15. | Барање за отстапување на стока во корист на државата | 1 | 50,00 |
| 1.16. | Барање за тарифна квота | 1 | 50,00 |
| 1.17 | Барање за одобрување на повластен тарифен третман заради крајна употреба | 1 | 50,00 |
| 1.18. | Барање за ослободување од плаќање на царина | 1 | 50,00 |
| 1.19. | Барање за враќање или простување на увозните давачки | 1 | 50,00 |
| 1.20 | Барање за пуштање во слободен промет на стока ставена во постапка на увоз за облагородување | 1 | 50,00 |
| 1.21. | Барање за одобрение за вршење на вообичаени форми на ракување во царински склад | 1 | 50,00 |
| 1.22. | Барање за привремено изнесување на стока од царинскиот склад | 1 | 50,00 |
| 1.23. | Барање за продолжување на рокот за завршување на постапка на увоз за облагородување | 1 | 50,00 |

01.20.23.УП.002.03

| Ред. Бр. | Поднесок | Тарифен број | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1.24. | Барање за поништување на царинска декларација, | 1 | 50,00 |
| 1.25. | Барање за дополнителна проверка на царинската декларација | 1 | 50,00 |
| 1.26. | Барање за одобрување на евиденција на стока во слободна зона | 1 | 50,00 |
| 1.27. | Барање за издавање на информативен лист ИНФ3 | 1 | 50,00 |
| 1.28. | Барање за прифаќање на банкарска гаранција | 1 | 50,00 |
| 1.29. | Барање за измена на банкарска гаранција | 1 | 50,00 |
| 1.30. | Барање за враќање на уплатени средства, | 1 | 50,00 |
| 1.31. | Барање за измена на податок во царинска декларација | 1 | 50,00 |
| 1.32. | Барање за исправка на грешка и поврзување на уплатени парични средства со конкретна царинска декларација или управно решение | 1 | 50,00 |
| 1.33. | Барање за издавање на акцизна дозвола | 1 | 50,00 |
| 1.34. | Барање за издавање на одобрение за акцизно-повластено користење на акцизни добра | 1 | 50,00 |
| 1.35. | Барање за враќање на акциза за течен нафтен гас | 1 | 50,00 |
| 1.36. | Барање за преземање на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и алкохолни пијалоци | 1 | 50,00 |
| 1.37. | Барање за преземање на контролни марки за обележување на тутунски добра | 1 | 50,00 |
| 1.38. | Барање за регистрација во EXIM | 1 | 50,00 |
| 1.39. | Други барања. | 1 | 50,00 |
| 2.1. | Жалба против одлука на Царинска управа | 2 | 250,00 |
| 3.1. | Издавање на посебна дозвола за превоз на стока (т.н. зелена дозвола) на странски превозник | 18 | 100,00 ЕУР |
| 4.1. | Издавње на копии од решенија и согласности | 38 | 600,00 |
| 4.2. | Решение за распределен дел на стоки на утврдена царинска квота | 38 | 600,00 |
| 5.1. | Заверка на потпис и печат на исправи | 71 | 50,00 |
| 5.2. | За секој натамошен примерок | 71 | 30,00 |
| 6.1. | За опомена со која некој се повикува да ја плати таксата | 129 | 100,00 |
| 7.1. | Одобрение за постапка со економски ефект (редовно) | 95 | 500,00 |
| 7.2. | Одобрение за просторија за привремено чување | 95 | 500,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7.3. | Одобрение на поедноставена постапка (поедноставена деклрација, локално царинење) | 95 | 500,00 |

| Ред. Бр. | Поднесок | Тари-фен број | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 7.4. | Одобрение на поедноставување во транзитна постапка | 95 | 500,00 |
| 7.5. | Одобрение за употреба на општа гаранција во транзитна постапка | 95 | 500,00 |
| 7.6. | Одобрение за употреба на посебни товарници во транзитна постапка | 95 | 500,00 |
| 7.7. | Одобрение за одобрување на повластен тарифен третман заради крајна употреба | 95 | 500,00 |
| 7.8. | Решение/одобрение за враќање или простување на увозните давачки | 95 | 500,00 |
| 7.9. | Решение за ослободување од плаќање на царина | 95 | 500,00 |
| 7.10. | Решение/одобрение на евиденција на стока во слободна зона | 95 | 500,00 |
| 7.11. | Решение врз основа на барање за дополнителна проверка на царинската декларација | 95 | 500,00 |
| 7.12. | Решение за поништување на царинска декларација | 95 | 500,00 |
| 7.13. | Решение за враќање на уплатени средства | 95 | 500,00 |
| 7.14. | Одобрение за користење на сметководствено раздвојување | 95 | 500,00 |
| 7.15. | Акцизна дозвола | 95 | 500,00 |
| 7.16. | Одобрение за акцизно-повластено користење на акцизни добра | 95 | 500,00 |
| 7.17 | Решение за враќање на акциза за течен нафтен гас | 95 | 500,00 |
| 7.18. | Решение за преземање на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и алкохолни пијалоци | 95 | 500,00 |
| 7.19. | Други одобренија и решенија во писмена форма. | 95 | 500,00 |
| 7.20. | Измени на сите горенаведени одобренија/решенија | 95 | 500,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8.1 | Одобрение за утврдување на царинска вредност врз основа на специфични критериуми | 95 | 300,00 |
| 8.2 | Одобрение за земање на мостри | 95 | 300,00 |
| 8.3 | Одобрение за поднесување на декларација надвор од работното време | 95 | 300,00 |
| 8.4 | Одобрение за преглед на стока на места и време различни од одредените од царинскиот орган | 95 | 300,00 |
| 8.5 | Одобрение за предходен преглед | 95 | 300,00 |
| 8.6 | Одобрение на поедноставена постапка (непотполна декларација) | 95 | 300,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8.7 | Одобрение за распределба на тарифна квота, | 95 | 300,00 |
| 8.8 | Одобрение за уништување на стока под царински надзор | 95 | 300,00 |
| 8.9 | Решение за ослободување од плаќање на царина (службена белешка) | 95 | 300,00 |
| 8.10 | Решение за пуштање во слободен промет на стока ставена во постапка на увоз за облагородување | 95 | 300,00 |
| 8.11 | Одобрение за вршење на вообичаени форми на ракување во царински склад (службена белешка) | 95 | 300,00 |
| 8.12 | Одобрение за привремено изнесување на стока од царинскиот склад | 95 | 300,00 |
| 8.13 | Одобрение за постапка со економски ефект (поедноставено), | 95 | 300,00 |
| 8.14 | Други одобренија во форма на службена белешка. | 95 | 300,00 |
| 9.1 | Издавање на задолжителна тарифна информација и задолжителна информација за потекло | 96 | 300,00 |
| 9.2 | Потврда за истоветност при извозот на стоката наменета за повторен увоз, освен за поедноставена потврда за истоветност на стоката во патнички сообраќај | 96 | 200,00 |
| 9.3 | Издавање на одобрение за користење на возила и контејнери за превоз на стока согласно со Спогодбата ТИР<br>За потврда или одобрение наведени во точка 9 со кои првично издадената потврда, односно одобрение се менува или дополнува се наплаќа такса во износ од 50% одредена во овој тарифен број. | 96 | 300,00 |
| 10.1 | За донесување на одлука за враќање на гаранција за обезбедување на плаќање на царински долг се наплаќа такса само во случај ако враќањето или делумното враќање на гаранцијата обврзникот за такси го побарал пред истекот на важноста на гаранцијата. Ова се применува и во случај на враќање на гаранцијата за обезбедување во транзитната постапка. | 97 | 2.000,00 |

Забелешка:
Таксата од Тарифен број 1 не се плаќа:

- за верификација на уверение за движење ЕУР-1
- за поднесување на царински декларации
- за документи пропишани со меѓународните или меѓудржавните договори прифатени или ратификувани од страна на Република Македонија и се користат наместо царинска декларација и
- за запис за внесување на стока во/од слободна зона или слободен склад.

# Прилог бр.2: Налог за плаќање на јавни давачки ПП 50

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

Административна такса

ПОТПИС

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ

Министерство за финансии

Трезорска сметка

БАНКА НА ПРИМАЧОТ

Н.Б.Р.М.

СМЕТКА

100000000063095

ИЗНОС

МКД ,

УПЛАТНА СМЕТКА

840 XXX 03161

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

722313 00

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

образец ПП50

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
- ЦАРИНСКА УПРАВА -
Централна управа

До: Титула, Име и презиме
Функција
Институција примач
Адреса на примачот

Предмет: Опомена за неплатена административна такса
Врска : Ваш поднесок број

Почитувани,

Согласно член 12 од Законот за административни такси, Ве известуваме дека Вашиот поднесок е нетаксиран/недоволно таксиран.

Царинската управа Ве повикува во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на оваа опомена да ја платите редовната такса во износ од _______ денари и таксата за опомена во износ од _______ денари, а доказот за уплата да го доставите до Царинската управа.

Доколку во наведениот рок не ја платите редовната такса и таксата за опомена, Царинската управа ќе покрене постапка за одлучување, но одлуката нема да ви биде врачена ако претходно, по опомената, таксата не е платена.

Со почит,

Титула, Име и презиме
Функција

Прилог: -Xxxxxxxx


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија
Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Архивски број:
Место, XX.XX.XXXX година
01.20.23.УП.002.03-ОБ.01.03

Изработил:
Одобрил:
Согласен:


Министерство за финансии
Царинска управа
Република Северна Македонија

Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје
Република Северна Македонија

Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
- ЦАРИНСКА УПРАВА -
Централна управа

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**
-DREJTORIA E DOGANAVE-
Drejtoria Qendrore

До

______________________________
(Примач)

______________________________
(Титула, Име и презиме)

Предмет: Опомена за неплатена административна такса

Врска : Ваш поднесок број_______

Почитувани,

Согласно член 12 од Законот за административни такси, Ве известуваме дека Вашиот поднесок е нетаксиран / недоволно таксиран.

Царинскатауправа Ве повикува во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на оваа опомена да ја платите редовната таксаво износ од ______ денари и таксата за опомена во износ од ______ денари, а доказот за уплата да го доставите до Царинската управа.

Доколку во наведениот рок не ја платите редовната такса и таксата за опомена, Царинската управа ќе покрене постапка за одлучување, но одлуката нема да ви биде врачена ако претходно, по опомената, таксата не е платена.

Drejtuar

______________________________
(Примач)

______________________________
(Титула, Име и презиме)

Lënda: Vërejtje për taksën e papaguar administrative

Referenca: Kërkesa juaj numër_______

Të nderuar,

Në pajtim me nenin 12 të Ligjit të Taksave Administrative, Ju informojmë se kërkesa juaj është e pataksuar / e taksuarpamjaftueshëm.

Drejtoria e Doganave ju bën thirrje në afat prej 10 (dhjetë) ditësh nga dita e pranimit të vërejtjes, ta paguani taksën e rregullt në vlerë prej______denarësh dhe taksën për vërejtje në vlerë prej______denarësh, kurse dëshmitë e pagesës ta dorëzoni në Drejtorinë e Doganave.

Nëse në afatin e përcaktuar nuk e paguani taksën e rregullt dhe taksën e vërejtjes, Drejtoria e Doganave do të nisë procedurë vendimmarrjeje, por vendimi nuk do t'ju dërgohet nëse paraprakisht, pas vërejtjes, taksa nuk është paguar.


Министерство за финансии/ Ministria e Finanacave
Царинска управа / Drejtoria e Doganave
Република Северна Македонија/Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „Лазар Личеноски " бр. 13, Скопје/ Rr. "Lazar Licenoski" nr.13 Shkup
Република Северна Македонија / Republika e Maqedonis se Veriut

Тел/Tel.:++ 389 2 3116 188
Факс/Faksi:++ 389 2 3237 832
E-пошта/e-mail: info@customs.gov.mk
Веб страна/faqja e internetit: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Со почит,

Me respekt,

(Титула, име и презиме)/(Titulli, emri dhe mbiemri)

(функција)/(Funksioni)

Прилог/Bashkëngjitur: -Xxxxxxxx

Архивски број:/ Numri arkivor: XXXXXXXXXXXXXXXX
Место/Vendi: XX.XX.XXXX година
01.20.23.УП.002.03-ОБ.02.03

Изработил/Punoi:
Одобрил/Miratoi:
Согласен/Jep pëlqimin:


Министерство за финансии/ Ministria e Finanacave
Царинска управа / Drejtoria e Doganave
Република Северна Македонија/Republika e Maqedonisë së Veriut

Ул. „Лазар Личеноски“ бр. 13, Скопје/ Rr. "Lazar Licenoski" nr.13 Shkup
Република Северна Македонија / Republika e Maqedonis se Veriut

Тел/Tel.:++ 389 2 3116 188
Факс/Faksi:++ 389 2 3237 832
Е-пошта/e-mail: info@customs.gov.mk
Веб страна/faqja e internetit: www.customs.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015